# ГРОЗДАНО МОМЕ

Музика и текст:
Методија Димовски




I

Гроздано моме убаво,
најубав грозд во лозјето, (2 пати)
кој ми те тебе погледнал
пијан си оди до гроба.

II

Твоите очи Гроздано, (2 пати)
две црни зрна гроздови,
дај ми ги да ги погледнам, (2 пати)
слеп јас да одам до гроба.

III

Твојата уста медена, (2 пати)
ко медно вино црвено,
дај ми ја да ја целивам (2 пати)
нем јас да одам до гроба.

IV

Твојата снага мермерна,
пастрмка риба охридска, (2 пати)
дај ми ја да ја прегрнам, (2 пати)
сакат да одам до гроба.

Димчевски, Горѓи. Седенка се збира. Скопје: Културно-просветна заедница на Скопје, 1986